БЛУПРИНТ ГРУПА
за реформи во правосудството

# Коментар на Преговарачката рамка за Република Северна Македонија со предлог-методологија за следење со фокус на областа судство

Скопје, февруари 2021

КОМЕНТАР НА ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СО ПРЕДЛОГ-МЕТОДОЛОГИЈА ЗА СЛЕДЕЊЕ СО ФОКУС НА ОБЛАСТА СУДСТВО

Издавач: **Центар за правни истражувања и анализи**

Уредник: **Горица Наџинска**

Автор: **Исмаил Камбери, Институт за европска политика**

Графички дизајн: **Релатив**

**Скопје, февруари 2021**

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Проектот *„За правда – Следење на спроведувањето на Стратегијата за реформи во правосудството 2020-2021"* е финансиран од Фондацијата Отворено општество - Македонија. Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество – Македонија.

# КОМЕНТАР НА ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА ЗА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПАТОТ НА ДРЖАВАТА ДО ОТВОРАЊЕ НА ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ

Откако во 2001 година се потпиша договорот за Стабилизација и асоцијација,[1] за потоа во 2009 да се добие првата препорака за отворање на пристапните преговори со ЕУ[2], државата помина низ низа системски подесувања, реформи и демонстрација на добрососедски односи. Конечно, на 26.03.2020 членките на Европскиот совет ги одобрија заклучоците на Генерален секретаријат на Советот кој одлучи да ги отвори преговорите за пристапување со Република Северна Македонија.[3] На 01.07.2020 беше усвоен нацрт на преговарачката рамка со Северна Македонија која што ги содржи насоките и принципите за пристапните преговори за земјата-кандидат. Овој документ ја инкорпорира ревидираната методологија за проширување, но се става и посилен фокус на темелните реформи за да се зајакне кредибилитетот на проширување. Владеењето на правото, „особено реформите во судството и борбата против корупцијата и организираниот криминал, темелните права, економските критериуми, функционирањето на демократските институции и реформата на јавната администрација" се темелите кои државата мора да ги осигура за да го заснова своето интегрирање во европското семејство и да го имплементира европското acquis.

## ПРЕГОВАРАЧКА РАМКА

Еден од новитетите во поглед на преговорите со ЕУ е и наметнување на потребата на креирање на „патоказ" за поглавјата 23 и 24 што претставува почетна одредница за кластерот за „Основи". Следствено, државата треба да го усвои овој документ кој ќе ги содржи клучните реформски приоритети и ќе ги води пристапните преговори во овие поглавја. Во поглед на ова, Европската Комисија ќе преземе процес кој формално ќе ја „скенира" состојбата за усогласеноста во секое Поглавје и кластер.  Тоа ќе овозможи солидна основа за креирање на „Патоказот" предвиден во Преговарачката рамка. Дополнително, ќе биде потребно да се внесат времени одредници за владеењето на правото, чие исполнување ќе биде предуслов за затворање на другите поглавја. Спремноста на државата за почеток на преговорите во овој кластер е од витално значење за преговарачкиот процес бидејќи овој кластер се отвора прв и се затвора последен. Во преговарачката рамка експлицитно е наведено дека темпото на реформи од овој кластер ќе го одреди целокупното „темпо на преговори и ќе се земе предвид за одлуката за отворање или затворање на нови кластер или поглавја." Имајќи го предвид ова, државата во процесот на преговори мора напорно да работи за исполнување на зацртаните реформи бидејќи подолгата стагнација или уназадување во овие процеси, може да мотивира одредена земја-членка на ЕУ да ја повлече препораката за отворање или затворање на поглавје или кластер се` додека одредена реформа/проблем не е решен.

1 EUR Lex, 'Договор За Стабилизација и Асоцијација Со Северна Македонија [Stabilisation and Association Agreement with North Macedonia]' https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/LSU/?uri=uriserv:OJ.L_.2004.084.01.0013.01.ENG
2 European Council, 'Северна Македонија - Сегашна Ситуација [North Macedonia - Current Situation]' https://www.consilium.europa.eu/en/policies/enlargement/republic-north-macedonia/
3 General Affairs Council, 'Заклучоци На Советот За Процесот На Проширување и Стабилизација и Асоцијација - Северна Македонија и Албанија [Council Conclusions on Enlargement and Stabilisation and Association Processes - The Republic of North Macedonia and the Republic of Albania]' https://data.consilium.europa.eu/doc/document/ST-7002-2020-INIT/en/pdf

## „ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО“ ВО ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА

Во поглед на областа на судството, еден од критериумите што треба да се исполнат е да се обезбеди „стабилност на институциите кои ќе го обезбедат владеењето на правото“. Следствено, акцентот во преговорите ќе биде ставен на докажување “track record”односно државата ќе треба да покаже видливи/мерливи резултати во однос на владеење на правото. Стабилноста на институциите можат да се следат преку таканаречени одредници (benchmarks) кои укажуваат на факти за тоа каква е состојбата во одредена област и институциите поврзани со оваа област. Кога станува збор за одредници во областа на судството, иако во минатото не биле експлицитно наведувани како одредници, сепак можат да се извлечат/креираат одредени индикатори преку кои може да се следи процесот на реформи во оваа област. Овие индикатори можат да се забележат во препораките содржани во Извештаите на Европска Комисија за напредок на Северна Македонија, препораките на Венецијанската Комисија и Итните реформски приоритети. Исто така, во голем дел можат да се најдат сублимирани и во Акцискиот план содржан во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година.[4]

## ПРИСТАП КОН РЕФОРМСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ОБЛАСТА НА СУДСТВОТО

Како подготвителна активност во насока на преговарачката рамка, Министерството за правда треба да го ажурира Акциониот план[5] за 2021 година во поглед на состојбата со исполнување на зацртаните цели и индикатори. Ова е од клучна важност за да се обезбеди увид во тоа кои реформи стагнираат а кои се движат во добар правец. За реформите кои стагнираат или се одвиваат бавно, потребно е да се направат анализи кои се причините и како да се надминат предизвиците кои се поврзани со нив. Доколку се анализираат темелно препораките на последниот извештај на Европската Комисија, може да се забележат коментари во насока дека треба да се стави фокус на имплементација на законската рамка поврзана со владеење на правото а особено е важно е и тоа како ќе се одвиваат случаите кои беа преземени од Специјалното јавно обвинителство. Дополнително, додека траат преговорите, потребно е да се врати довербата на граѓаните во судството како темелот кој обезбедува правда, но и економска сигурност. Во оваа насока, иако ЕК е воздржана во однос на процесот на прочистување на судството,[6] потребно е да се најде најсоодветен механизам кој ќе ја искорени корупцијата кај одредени судии и јавни обвинители а со тоа постепено ќе ја враќа довербата на граѓаните во овие институции. За овие процеси, направени се неколку истражувања и анализи, а исто така може да се спореди и искуството на Босна и Херцеговина, Албанија и Србија како земји со слични предизвици и законодавство како нашето. Во насока на односите на државата со Европскиот суд за човекови права, потребно е да се направат сериозни напори за ефикасноста на спроведување на одлуките на овој суд. Во моментот имаме 36 неспроведени судски одлуки на ЕСЧП.

4 Стратегија за Реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 година со Акциски план 2017

5 Содржан во Стратегијата за реформи во правосудниот сектор за периодот 2017-2022

6 Институт за европска политика, ‘Извештај 2020: Аргумент Повеќе За Преговорите’ https://epi.org.mk/wp-content/uploads/ИЗВЕШТАЈ2020_АРГУМЕНТ-ПОВЕЌЕ-ЗА-ПРЕГОВОРИТЕ.pdf

# ПРЕДЛОГ - методологија за следење на состојбата во областа судството за време на преговорите со ЕУ

Кога станува збор за следење на судството, можат да се извлечат квалитативни и квантитавни индикатори кои се поврзани со работењето на основните судови, апелационите судови, Врховниот суд и Судскиот Совет на Република Северна Македонија. Секој индикатор може да биде проследен со соодветна мерка за негово унапредување, одговорна институција за имлементација, временска рамка и планирана вредност на индикаторот што треба да се достигне за да се задоволи европскиот стандард. Во Северна Македонија, релевантната законска рамка што треба се следи во поглед на судството е имплементацијата на Уставот, Законот за судовите, Законот за Судскиот совет, Закон за судскиот буџет, Закон за плати на судиите, Закон за управување со движењето на предметите во судовите и Закон за извршување на одлуките на ЕСЧП. За следење на индикатори може да се искористи методологијата на CEPEJ[7] и да се адаптира согласно македонскиот судски систем.

Во текстот подолу следува основа за следење на состојбата во судството во неговите најосновни елементи. Во одреден момент оваа основа може да се проширува и надградува согласно потребите за анализа на одреден аспект на судството.

## ГЕНЕРАЛНИ ИНФОРМАЦИИ И АЛОЦИРАН БУЏЕТ ЗА СУДСТВОТО

### ВКУПЕН БУЏЕТ АЛОЦИРАН ЗА СУДОВИТЕ

| Година | Вкупен буџет на земјата | Вкупен буџет алоциран за судство | Вкупно потрошен буџет од страна на судовите | Просечна плата во судството во споредба со просечна плата на населението на годишно ниво | Вкупно алоцирани средства по глава на жител | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | МК Просек | ЕУ Просек |
| | | | | | | |

Извор: Судски буџетски совет на РСМ, Министерство за финансии, Завод за статистика на РСМ

7 European Commission for the Efficiency of Justice (CEPEJ)

## АЛОКАЦИЈА НА ВКУПНИОТ БУЏЕТ ЗА СУДОВИТЕ

| Година | Годишен јавен буџет наменет за (бруто) плати | Годишен јавен буџет наменет за информатичка технологија | Годишен јавен буџет наменет за трошоци за правда (експертиза, вештаци, толкување, итн.) | Годишен јавен буџет доделен за судските згради (одржување, трошоци за работа, итн.) | Годишен јавен буџет наменет за инвестиции во нови судски згради | Годишен јавен буџет наменет за обука на судии и судски соработници | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

Извор: Судски буџетски совет на РСМ

## АЛОКАЦИЈА НА ВКУПНИОТ БУЏЕТ ЗА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

| Година | Годишен јавен буџет наменет за (бруто) плати | Годишен јавен буџет наменет за информатичка технологија | Годишен јавен буџет наменет за стручната служба на Судскиот совет | Годишен јавен буџет доделен за седиштето на Советот (одржување, трошоци за работа, итн.) | Годишен јавен буџет наменет за инвестиции во седиштето на Советот | Годишен јавен буџет наменет за обука на членовите на Судскиот совет и стручната служба | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

Извор: Судски буџетски совет на РСМ

## ВКУПЕН БУЏЕТ АЛОЦИРАН ЗА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

| Година | Вкупен буџет на земјата | Вкупен буџет алоциран за јавното обвинителство | Вкупно потрошен буџет од страна на јавното обвинилтество | Просечна плата во јавното обвинителство во споредба со просечна плата на населението на годишно ниво | Вкупно алоцирани средства по глава на жител | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | МК Просек | ЕУ Просек |
| | | | | | | |

Извор: Буџет на Јавното обвинителство на РСМ, Министерство за финансии, Завод за статистика на РСМ

## АЛОКАЦИЈА НА ВКУПНИОТ БУЏЕТ ЗА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

| Година | Годишен јавен буџет наменет за (бруто) плати | Годишен јавен буџет наменет за информатичка технологија | Годишен јавен буџет наменет за јавнообвинителската служба | Годишен јавен буџет доделен за јавнообвинителските згради (одржување, трошоци за работа, итн.) | Годишен јавен буџет наменет за инвестиции во нови јавнообвинителски згради | Годишен јавен буџет наменет за обука на јавни обвинители и јавнообвинителска служба | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

Извор: Буџет на Јавното обвинителство на РСМ

## АЛОКАЦИЈА НА ВКУПНИОТ БУЏЕТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

| Година | Годишен јавен буџет наменет за (бруто) плати | Годишен јавен буџет наменет за информатичка технологија | Годишен јавен буџет наменет за стручната служба на Советот на јавни обвинители | Годишен јавен буџет доделен за седиштето на Советот (одржување, трошоци за работа, итн.) | Годишен јавен буџет наменет за инвестиции во седиштето на Советот | Годишен јавен буџет наменет за обука на членовите на Советот на јавни обивнители стручната служба | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

Извор: Буџет на Јавното обвинителство на РСМ

## БУЏЕТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

| Година | Вкупен буџет алоциран за бесплатна правна помош | Буџет за спорови (кривични, граѓански, управни) | Буџет за друга правна помош (совети, алтернативно решавање на спорови и други правни совети) | Вкупен буџет потрошен по ставки | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Буџет за спорови (кривични, граѓански, управни) | Буџет за друга правна помош (совети, алтернативно решавање на спорови и други правни совети) |
| | | | | | |

Извор: Министерство за правда, Судски буџетски совет на РСМ

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ СИСТЕМ

## СУДОВИ

| Година | Број на судови во прва инстанца | Број на судови со проширена надлежност | Број на специјализирани одделенија по суд со проширена надлежност | Број на судови во втора инстанца |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Извор: Закон за судови

| Јавни обвинителства Год. | Број на јавни обвинителства | Број на виши јавни обвинителства | Број на специјализирани одделенија во Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција |
|---|---|---|---|
| | | | |

Извор: Закон за јавното обвинителство

## БРОЈ НА СУДИИ И СУДСКИ СОРАБОТНИЦИ

| Година | Број на судии | | | Број на судски службеници | | | Број на лица кои вршат технички и помошни работи | Број на припадници на судска полиција |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I инстанца | II инстанца | III инстанца | I инстанца | II инстанца | III инстанца | | |
| | | | | | | | | |

Извор: Судски совет на РСМ

| Број на јавни обвинители и јавнообвинителска служба | Број на јавни обвинители | | | Број на јавнобвинителска служба | | | Број на лица кои вршат технички и помошни работи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Јавни обвинителства | Виши јавни обвинителства | ОЈО ГОКК | Јавни обвинителства | Виши јавни обвинителства | ОЈО ГОКК | |
| | | | | | | | |

Извор: Совет на јавни обвинители

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО СУДОВИТЕ

| | Судии | | | | | | Претседатели на судови | | | | | | Судски службеници | | Лица кои вршат технички и помошни работи | | Припадници на судска полиција | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | I инстанца | | II инстанца | | III инстанца | | I инстанца | | II инстанца | | III инстанца | | | | | | | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Извор: Судски совет на РСМ

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

| | Јавни обвинители | | | | | | Претседатели на јавни обвинителства | | | | | | Број на јавнообвинителска служба | | Лица кои вршат технички и помошни работи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Основни јавни обвинителства | | Виши јавни обвинителства | | ОЈО ГОКК | | Основни јавни обвинителства | | Виши јавни обвинителства | | ОЈО ГОКК | | | | | | |
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | Вкупно |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Извор: Совет на јавни обвинители

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО СУДСКИ СОВЕТ

| Година | Членови на Судски совет | | Стручна служба | | Број на лица кои вршат технички и помошни работи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | Вкупно |
| | | | | | | | |

Извор: Судски совет на РСМ

## РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО СОВЕТОТ ЗА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

| Година | Членови на Совет на јавни обвинители | | Стручна служба | | Број на лица кои вршат технички и помошни работи | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | Вкупно |
| | | | | | | | |

Извор: Совет на јавни обвинители

## ПРАВИЧНА ЕДНАКВОСТ

| Етничка припадност | Македонец/ка | | Албанец/ка | | Турчин/ка | | Ром/ка | | Србин/ка | | Босанец/ка | | Друго | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пол | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Судство** | | | | | | | | | | | | | | |
| Судии | | | | | | | | | | | | | | |
| Судска стручна служба | | | | | | | | | | | | | | |
| Помошен и технички персонал | | | | | | | | | | | | | | |
| Судска полиција | | | | | | | | | | | | | | |
| **Јавно обвинителство** | | | | | | | | | | | | | | |
| Обвинители | | | | | | | | | | | | | | |
| Јавнообвинителска стручна служба | | | | | | | | | | | | | | |
| Помошен и технички персонал | | | | | | | | | | | | | | |
| **Судски совет** | | | | | | | | | | | | | | |
| Членови на Судски совет | | | | | | | | | | | | | | |
| Стручна служба на Судски совет | | | | | | | | | | | | | | |
| Помошен и технички персонал | | | | | | | | | | | | | | |
| **Совет на јавни обвинители** | | | | | | | | | | | | | | |
| Членови на Советот на јавни обвинители | | | | | | | | | | | | | | |
| Стручна служба на Советот на јавни обвинители | | | | | | | | | | | | | | |
| Помошен и технички персонал | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно:** | | | | | | | | | | | | | | |

Извор: Слободен пристап до информации од јавен карактер до релевантните институции и тела

# РАБОТЕЊЕ НА СУДСТВОТО

## ЕФИКАСНОСТ НА СУДОВИТЕ

| Год. | Број на предмети во судови | Просечна должина на постапките | Број на решени предмети | Број на предмети за кои се уште трае постапката | Заостанати предмети | Број на предмети по судија | Број на судии на 100.000 жители | Просек на граѓани кои потпаѓаат под надлежност на судот според географскиот опфат | Број на административен кадар во поддршка на судија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Извор: Судски совет на РСМ

## ЕФИКАСНОСТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА

| Год. | Број на обвинители на 100.000 жители | Просек на граѓани кои потпаѓаат под надлежност на јавното обвинителство | Број на предмети по јавен обвинител | Број на административен кадар во поддршка на јавен обвинител | Број на поднесени кривични пријави | Број на поднесени обвиненија | Процент на пријави за кои се покренати обвиненија | Број на осудителни пресуди | Процент на осудителни пресуди покренати обвиненија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |

Извор: Совет на јавни обвинители

## ЕФИКАСНОСТ НА СУДСКИ СОВЕТ

| Год. | Број на избрани судии | Број на разрешени судии | Број на поведени дисциплински постапки | Број на постапки за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиска функција | Број на постапки за одземање на имунитет на судија | Број на постапувања по претставки на граѓаните и правните лица за работата на судиите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

Извор: Судски совет на РСМ

## ЕФИКАСНОСТ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

| Год. | Број на избрани јавни обвинители | Број на разрешени јавни обвинители | Број на постапки на утврдена дисциплинска одговорност на јавен обвинител | Број на постапки за утврдување на нестручно и несовесно вршење на функцијата јавен обвинител | Број на постапки за одлучување за привремено оддалечување од функцијата јавен обвинител | Број на постапувања по претставки на граѓаните и правните лица за работата на јавните обвинители |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

Извор: Совет на јавни обвинители

## БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈА

| Год. | Процент на пријави, обвиненија и осудителни пресуди од областа на висока корупција во однос на вкупниот број пријави, обвиненија и осудителни пресуди | Износ на конфискуван имот | Број на осудени лица | Вид на изречена казна | Број/ процент на предмети кои ЈО постапил по иницијатива на друг орган (пр. ДКСК, ДЗР) |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Извор: Судови, јавни обвинителства, Судски совет на РСМ и Совет на јавни обвинители

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА СУДИИТЕ

Во овој дел можат да се ставаат критериуми за унапредување како квалитативни индикатори кои можат да се добијат врз основа на анализа на постапките за унапредување на судиите во втора или трета инстанца. Целта е да се увиди во колку од унапредувањата се земаат критериумите во предвид и дали судијата со најголем број на бодови е избран за унапредување.

| Год. | Квалитет на работата на судијата во делот на бројот на укинати одлуки заради сторена битна повреда на постапката во однос на вкупниот број на решени нормирани предмети | Квалитет на работата на судијата во делот на број на преиначени одлуки во однос на вкупен број решени нормирани одлуки | Квалитет во водење на судската постапка (почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија во постапката, почитување на законски рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, времетраење на судската постапка и почитување на начелото на судење во разумен рок) | Квалитет на донесена одлука кој се утврдува преку увид во пет предмети по случаен избор од страна на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судски предмети и пет предмети определени од судијата, во периодот на оценување) |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Извор: Судски совет на РСМ

## УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ

| Год. | Квалитет на работата на обвинителот во поглед на правилна примена на прописите во донесување и изготвување на јавнообвинителските одлуки | Квалитет на работата на обвинителот почитување на рокови при постапување и одлучување по кривични пријави и предмети, истраги и поднесување на редовни и вонредни правни средства | Квалитет на работата на обвинителот во однос на селективен пристап во исполнување на надлежностите врз основа на пол, раса, национално и социјално потекло, политичко и верско определување , имотна и општествена положба, како и личен интегритет неподлежен на било каков вид влијание | Квалитет на работата на обвинителот во однос на онтинуирана едукација и лично научно усовршување за надградба на сопствениот стручен и интелектуален капацитет, објавување на научни трудови и слично |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Извор: Совет на јавни обвинители

## ОСНОВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА СУДИСКАТА ФУНКЦИЈА

| Год. | Повреда на професионалната етика | Професионална несоодветност | Кривично дело | Друго | Број на одлуки |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Извор: Судски совет на РСМ

## ОСНОВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ И ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НЕСТРУЧНО И НЕСОВЕСНО ВРШЕЊЕ НА ЈАВНООБВИНИТЕЛСКАТА ФУНКЦИЈА

| Год. | Повреда на професионалната етика | Професионална несоодветност | Кривично дело | Друго | Број на одлуки |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Извор: Совет на јавни обвинители

## БРОЈ НА СЛУЧАИ НА АЛТЕРНАТИВНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

| Година | Медијација | Арбитража | Медијација за деца во судир со законот уредена со Законот за правда за децата | Мирно решавање работни спорови | Друго |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

Извор: Комора на медијатори, Стопанска комора, Министерство за правда, Министерство за труд за социјална политика и други.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА СУДСКИ ПРЕСУДИ

| Година | Број на пресуди за извршување | Број на извршени пресуди | Број на пресуди на ЕСЧП | Број не неизвршени пресуди на ЕСЧП |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Извор: Министерство за правда

## ДРУГО

| Год. | Број на регистрирани адвокати, нотари, медијатори вкупно или на 100.000 жители | Висина на плата на адвокати, нотари, медијатори во однос на просечната плата | Број на студенти кои дипломирале во област на право | Број на лица кои успешно ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители | Број на лица кои положиле правосуден испит | Просечен трошок според тип на постапка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

# ЗАКЛУЧОК

Европската Комисија ја оценува имплементацијата на Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 како **добар напредок** што укажува на фактот дека реформите во правосудството се движат во добар правец. Иако државата бележи добар напредок во областа на владеење на правото, сепак потребно е темелно да се анализираат препораките од релевантните извори во областа на судството да се одреди нивото на напредок во оваа област и кои реформски цели треба да се исполнат во иднина. Дополнително, потребно е и понатаму да се работи на усогласување на легислативата со европското acquis бидејќи ЕК ја оценува државата како **умерено подготвена во оваа област**.

Северна Македонија помина низ бројни предизвици за да стигне до отпочнување на преговорите со Европската Унија. Сепак, овој период е веќе клучен бидејќи секоја постапка, проблем и уназадување формално се нотира и може да има посериозни реперкусии во аспирациите да се влезе во европското семејство. Имајќи ја во предвид преговарачката рамка и методологијата за проширување, државата преку своите институции мора доследно да делува за да ги исполни критериумите што се бараат од неа. Тоа подразбира координиран пристап на сите институции, ажурност и ефикасност на администрацијата и демонстрирање на вистинско прифаќање на европските вредности. Дополнително, соработката на институциите со експертите и граѓанските организации ќе ги зајакне позициите на земјата и ќе го зголеми унапредувањето на државата. Владеењето на правото е од витална важност бидејќи од него зависат не само правдата во земјата, туку и економските текови, економската сигурност и безбедноста за живеење. Доколку не ги испочитуваме обврските кои произлегуваат од Преговарачката рамка, државата може да влезе во ризик да ја загрози својата европска аспирација Доколку земјата успее да ги надмине несогласувањата со Република Бугарија и формално ги отпочне преговорите со првата меѓу владина конференција, тоа ќе го означи почетокот на еден нов период во кој секој носител на јавна функција мора да демонстрира поголема свест за транспарентност и доследна имплементација на законите особено оние кои што се поврзани со владеење на правото.

Иако во моментот сеуште не е одобрена преговарачката рамка и можеби е рано да се зборува за креирањето на „патоказот“ за реформи врз основа на преговарачка рамка, сепак може да се одреди предлог-методологија за следење на реформите во судството и усогласеноста на земјата со европското законодавство. За време на преговорите, во различни фази Европската Комисија ќе бара усвојување на одредени стратегии, акциони планови, закони, подзаконски акти и слично. Главен документ во областа на судството е Стратегијата за реформа во правосудниот сектор 2017-2022 со Акциониот план кој нуди солидна основа за следење на актуелните зададени цели во поглед на унапредување на судството. Дадената предлог-методологија е основа за понатамошно следење на работата на судовите во РСМ. Истата може да се прошири во одредена област, зависно од потребата за спроведување на анализа. Откако земјата ќе го усвои патоказот врз основа на Преговарачката рамка, тогаш оваа методологија може да се надгради за темелно следење на работата на сите засегнати страни и навремено информирање на власта и јавноста за актуелната состојба во дадена област.